У-5.бр.205/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Димитрула Апостоловска - претседател на совет и судиите Валентина Конеска и Билјана Никодиновска Петровска - членови на советот, со записничар Марко Таневски –судски соработник, решавајќи по тужбата на тужителот КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, преку полномошник-Адвокатско друштво „Интер Партес“ од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-33/16 од 09.11.2019 година, за избор на најповолна понуда, на седницата одржана на 18.03.2020 година донесе

I

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот АТВ МЕДИА КОМПАНИ ДООЕЛ – Скопје, СЕ УВАЖУВА:

Оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-33/16 од 09.11.2019 година, за избор на најповолна понуда, СЕ ПОНИШТУВА.

II

Р Е Ш Е Н И Е

Барањата на полномошникот на тужителот и на пономошникот на заинтересираното лице АТВ МЕДИА КОМПАНИ ДООЕЛ – Скопје за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-33/16 од 09.11.2019 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила жалбата поднесена од сега тужителот КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО – Скопје изјавена против Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.09-2266/8 од 24.12.2019 година, донесена по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.13953/2019 за набавка на услуги-Закуп на рекламен простор за објавување на огласи во весници на договорниот орган Општина Бутел.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-33/16 од 09.11.2019 година, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено поради повреда на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека во конкретниот случај тужениот орган погрешно утврдил дека во конкретната постапка договорниот орган не предвидел услов според кој е потребно во оваа постапка да учествуваат дневни весници.Смета дека избраниот понудувач, сега заинтересирано лице, немал способност да учествува во постапката бидејќи весникот „Лајм“ што го издава понудувачот, не се издава редовно.Наведува и истакнува дека од Извештајот за печатени броеви/изданија од весникот „Коха“ за

период од 01.01.2018 година до 06.11.2019 година и од Споредба на печатени броеви/изданија за весникот „Коха“ и весникот „Лајм“ за период од 01.01.2018 година до 06.11.2019 година, се констатира дека весникот „Лајм“ не се издава како дневен весник.

Судот постапи согласно членот 13 од Законот за јавни набавки со Известување У-5.бр.2049/2019 од 27.01.2020 година го повика економскиот оператор АТВ МЕДИА КОМПАНИ ДООЕЛ – Скопје како заинтересирано лице да достави свој одговор на поднесената тужба, кој постапи по ова известување и со Одговор на тужба примен во Судот на 12.03.2020 година предложи тужбата на тужителот да биде одбиена како неоснована.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Тужбата е основана.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Општина Бутел отпочнал постапка за јавна набавка со Оглас за доделување на договор за јавна набавка со поедноставена постапка бр.13953/2019 за набавка на услуги – закуп за рекламен простор за објавување на огласи во весници, за што претходно донел Одлука за јавна набавка бр.09-2263/3 од 26.11.2019 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, истата била делива на два дела, а како критериум за доделување на договорот за јавна набавка била наведена најповилна понуда врз основа на цената и со спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да достават и Изјава за сериозност на понудата. До крајниот рок за поднесување на понудите пристигнале вкупно 4 понуди за што бил составен Записник од отварањето на понудите од 20.12.2019 година. Комисијата при договорниот орган извршила првична проверка на комплетноста и валидноста на понудите и прифатливите понуди ги поканила за учество на е-аукцијата. Бил изготвен Извештај од спроведена постапка и по спроведената електронска аукција, Комисијата за јавни набавки при договорниот орган дала предлог како најповолна понуда за Делот 1 да биде избрана понудата на економскиот оператор РЕПРО ПРИНТДООЕЛ – Скопје, а за Делот 2 да биде избрана понудата на економскиот оператор АТВ МЕДИА КОМПАНИ ДООЕЛ – Скопје, кој предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган и донесена Одлука за избор на најповолна понуда од 24.12.2019 година.

Против одлуката за избор на најповолна понуда економскиот оператор КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО – Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение жалбата ја одбила како неоснована.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се

опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 140 став 1 од Законот за јавните набавки, во жалбената постапка странките се должни да ги изнесат сите факти на кои ги засноваат своите барања, како и дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка и да достават соодветни докази за тоа.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган неправилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја одбил жалбата на економскиот оператор сега тужител КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО – Скопје.

Имено од извршениот увид во списите кон предметот, како и согласно цитираните законски одредби, Судот утврди дека економскиот оператор КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО – Скопје, постапувајќи согласно членот 140 став 1 од Законот за јавните набавки, кон жалбата и кон тужбата приложил и доказ (споредбена анализа на печатени броеви на весниците „Коха“ и „Лајм“ за ист временски период) преку кој го потврдил својот тужбен навод дека весникот „Лајм“ кој го издавал избраниот понудувач АТВ МЕДИА КОМПАНИ ДООЕЛ – Скопје не е реално дневен весник, туку периодичен, односно не излегува постојано секој ден за да со тоа ги исполни предвидените услови согласно Тендерската документација, поради што тужениот орган неправилно во оспорената одлука утврдил дека договорниот орган правилно ја донел одлуката за избор на најповолна понуда.

Судот ги ценеше наводите на заинтересираното лице во Одговорот на тужбата, но оцени дека истите се без влијание врз конечната одлука, од причини наведени во образложението на оваа одлука.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Судот одлучи како во ставот 2 од изреката од решението, односно барањата за надомест на трошоците во постапката на тужителот и на заинтересираното лице да ги го одбие како неосновани, согласно членот 7-б од

Законот за управни спорови („Службен весник на РМ“ бр.62/2006 и 150/2010).

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е основана и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управен суд на 18.03.2020 година, под У-5.бр.205/2020.

Записничар - судски соработник
Марко Таневски

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужител / полномошник
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

. /